# ЕДНА ГОДИНА НИЗ БРОЈКИ
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

WWW.KISELAVODA.GOV.MK













## ВО ГОДИНАТА ШТО ИЗМИНА

*„Во постојани средби со граѓаните"*

Во годината што измина Општина Кисела Вода водеше енергична и активна општинска политика секогаш имајќи ги во предвид потребите на граѓаните. Пораките што ги испраќаа жителите на оваа општина беа императив во работењето на локално ниво.

Водејќи се од потребата за создавање услови за поквалитетно живеење, се оствариja голем дел од предвидените активности, но се реализираа и проекти што во од се наметнаа како приоритетни.

За неполна една година беа анимирани бизнис групацијата и невладините организации што дејствуваат на територијата на Општина Кисела Вода за соработка на проекти што се од заеднички интерес. За оваа општина особено значаен чекор беше изготвувањето и потпишувањето на Протокол за делбен биланс со Општина Аеродром со што двете општини целосно се разделија.

Локалната самоуправа во изминатиот период беше присутна на улиците во урбаниот дел на општината, на локалните патишта, на зелените површини каде што речиси сите помали паркови беа средени и подновени со реквизити за забава, но и во училиштата, во предучилишните установи, на речиси сите културни и спортски манифестации од локален карактер, но и од регионален или државен. Едноставно, сметаме дека општината беше во постојан контакт со нејзините жители.

Сепак, логично, најголемиот дел од реализираните или започнати проекти се од градежно-комуналната сфера, проблематика што најдиректно ги засега жителите и е од витално значење за квалитетот на живеењето.

Од капитално значење се проектите што се реализираа во периодот што измина како што се водоснабдувањето во месноста Порупи, првата фаза од Проектот за изградба на потисно-повратен цевковод за населбата Пинтија, како и првата фаза од системот за водоснабдување на с. Усје. Освен тоа, се изгради и фекална канализација за месноста Подстаница со фекален колектор и краци во должина од 3,7 километри.

На подрачјето на Општината беше формиран Меѓуопштински информативен центар за поддршка на руралниот развој и малите и средни претпријатија, што, всушност е проект од Локален економски развој.

Општина Кисела Вода е особено горда со фактот што кон крајот на минатата година успеа да го реализира проектот „Цртаме графити-со општината заедно„. Тој проект беше од едукативно значење и се спроведе во соработка со осум основни училишта.

Мора да се потенцира и тоа дека основните училишта „Круме Кепески„ и „Невена Георгиева-Дуња„добија нови спортски сали што беше остварено во соработка со владата како дел од големиот проект за обновување и изградба на спортските сали во земјава.

Во овој период во тек е реконструкцијата на локалниот пат „Драчевска" и поставување на тротоарите од двете страни на улицата, реконструкција на улицата "Китка" и асфалтирање на патот Р-302 "Теферич", со финансиски средства од Светската банка.

Во подготовка е Проектот за "Изградба на 3 куќи на пријателство" во Пинтија, Црниче и Пржино кои ќе вклучуваат занаетчиска колонија, Пошта, Банка и други сервиси од јавен интерес.

Се разбира дека активностите во многу сфери од живеењето на општината и натаму продолжуваат и со уште поголем интензитет. Транспарентноста во работењето е одлика која никако не смее да изумре. Напротив, отвореноста за сите забелешки,предлози, идеи и критики на жителите на Општина Кисела Вода е мотото на работење на локалната власт која што постојано се стреми да го подобрува вредносниот систем во општината.

Градоначалник
**Марјан Ѓорчев**

## Реализирани проекти од Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина:

- **Довршување на канализацијата на улица "Ратко Митровиќ"** број 13 во село Драчево, со полиетиленски цевки **Φ 300 мм** и четири шахти во должина од **200** метри.
- **Резервоар во с. Усје** со капацитет од **300** метри кубни вода.
- **Изградена фекална канализација за месноста Подстаница**, со изграден фекален колектор и краци во должина од **3,7** километри.
- Прва фаза од изградба на **Потисно-повратен цевковод за населба Пинтија** со изграден резервоар со капацитет од **2×450** метри кубни вода, со лиеножелезни цевки **Φ 200 мм**, во должина од **1200** метри.





- Се изврши **порамнување на полските патишта** во атарот на село Драчево со вкупна должина од **50 км.**

## ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ВО МАНАСТИРОТ "РУСА СРЕДА" (ПЕЛЕНИЦА)

### Пуштена во употреба водоводната мрежа "Порупи"

Во декември градоначалникот Ѓорчев официјално ја пушти во употреба новата водоводна мрежа за месноста "Порупи".



Станува збор за заеднички проект со Министерството за транспорт и врски кое ги обезбеди финансиските средства за практична имплементација на овој проект во висина од 9,5 милиони денари. За таа цел, се изгради пумпна станица, резервоар со капацитет од 250 метри кубни, изливен базен и пумпен цевовод со лиеножелезни цефки, полиетиленски цефки Ф 80 милиметри, во вкупна должина од 2500 метри. Градежните работи ги изведе фирмата "НЕЛА – АР".

Со пуштањето во употреба на водоводната мрежа за месноста Порупи, конечно се реши долгогодишниот проблем на повеќе од илјада семејства кои живеат во овој дел од општината, а кои се соочуваа со континуиран проблем со мал притисок на водоводната мрежа, особено во летниот период.

- Се изгради нов **потпорен ѕид за ул. "Сава Ковачевиќ" бр. 6**, со кој конечно се реши долгогодишниот проблем на жителите од овој дел, со лизгањето на земјиштето после секој пороен дожд.



- Реализација на проектот за **есенска санација на ударните дупки** на главните и сервисни улици на територијата на општината, при што се поставија повеќе од **300** тони асфалт, со вкупна површина од 2500 метри квадратни.
- Се асфалтираа улиците **"Мариовска 2"**, ул. **"Мариовска 3"**, неколку краци од ул. **"Сава Ковачевиќ"**, крак на улицата зад хотелот "Најс", пристапниот пат до црквата **"Св. Преображение"** во Теферич, улицата **"Наум Охридски"**, во вкупна површина од **5790** метри квадратни.







- Се изградија три нови паркинзи на ул. **"Огњан Прица"**, за станбените згради со бр. **20, 22,** и **24**, како и паркинзи за улиците **"Ѓорѓи Сугаре"**, **"Михаил Чаков"**, **"Локов" бр. 1 и бр. 3**, **"Ѓорѓи Димитров"**, **"Огњан Прица" бр. 7**, со вкупна површина од **4565** метри квадратни.







- Се изградија нови пешачки патеки на ул. **"Михаил Чаков"**, во **О.У. "Круме Кепески"**, патека кај **Кинеската амбасада**, пешачка патека кај **Усје**, во населбата **Градинар**, кај трговскиот центар **Шампионче**, за улицата **"Сава Ковачевиќ" бр. 226 и бр. 255**, пристапна патека на ул. **"Никола Добровиќ" бр. 13, бр. 15 и бр. 17** во вкупна должина од **3943** метри квадратни.
- Изградени тротари на ул. **Саса** со површина од **210** метри квадратни во населбата **Пинтија.**
- Изработен **Вреловод** во должина од **100** метри и **Водовод** во населба **Расадник**, при што се поставија лиеножелезни цевки **Ф 150 мм**, во должина од **55** метри.
- Се изгради **спортско игралиште** со површина од **1700** метри квадратни, во населбата **Припор**.
- Се изврши **чистење на каналот** за перење на водоводни бунари за снабдување со вода на **Драчево** во должина од **500** метри.
- Организирана е заедничка **акција за мерење на бучавата** од кафулињата на територијата на Општина Кисела Вода во соработка со градот Скопје.
- Се врши континуирана промена и поставување на **ново осветлување** на целата територија на општината, при што досега се променија вкупно **200** светилки од **110 вати (заменски)**, **1109** светилки од **125** вати и **412** пригушници од **125** вати, како и **40** светилки и **14** пригушници од **250** вати. Се поставија и кабли во вкупна должина од **2000** метри. Поставени се и нови линии за осветлување на спортското игралиште во населба Припор.



- Се донесе **ДУП "н. Расадник"** и **ДУП "11 Октомври" – УБ2**, со кој е предвиден комплекс од основно и средно училиште, факултет и поликлиника.
- Во периодот Април-Мај и во Октомври се изврши дератизација на јавните површини во општина Кисела Вода со поставување на мамци во **3226** шахти. Истовремено се изврши дератизација и на општинските бараки.
- Успешно е реализирана Акцијата **"Заедно за зелено и чисто Скопје 2009"** во Општина Ки-

села Вода, а по иницијатива на градот Скопје . Акцијата се одвиваше на 08, 09, 10 Јуни според оперативниот план изготвен од страна на одделението за животна средина подеднакво во сите месни заедници во општината. Акцентот беше ставен на следните активности:

- Чистење на диви депонии
- Кастрење и сечење дрва
- Чистење на шахти
- Крпење на ударни дупки





- Општина Кисела Вода активно се вклучи во проектот на Владата на Република Македонија за времено ангажирање на **5000** невработени лица. Општина Кисела Вода преку проектот **"Да ја разубавиме општината"** времено ангажира **100** невработени лица на период од шест месеци кои извршуваа јавни работи на целата нејзина територија.



## Акција за чистење на дивите депонии

Извршено е **снимање на сите микролокации (црни точки)** каде се создаваат диви депонии и на истите локации се поставени информативни табли со натпис **"Забрането фрлање шут и отпад".** Истовремено, се спроведе акција за чистење на сите диви депонии на целата територија на општината при што беа исфрлени вкупно **5000** метри кубни смет. Со акцијата беа опфатени сите месни заедници, а се исчистија повеќе од **50** локации:





- » Околу спортското игралиште во Усје
- » Кај месноста Чешма
- » Бул. Србија и ул. Првомајска на повеќе црни точки, пристапната патека Пелагонија, М.З. "11 Октомври-бараки", трим патеката
- » Се исчистија микролокациите кај гробиштата во Драчево, кај амбулантата и М.З. с. Драчево, улиците "Малешевска", "Димитрија Чуповски", "Драчевска", како и училишните дворови и дворот на градинката во Драчево, како и паркот крај Поштата
- » Во М.З."11 Октомври-згради" се исчистија локациите позади топланата, улицата Пушкинова на неколку места, ул. "Народни херои" пред Расадник
- » Во Пинтија се исчисти училишниот двор, паркот "Детски сон", ул. "Саса" и спортското игралиште на ул. "Јабланица"
- » Во Припор се исчистија неколку локации на ул. "Сава Ковачевиќ", пред М.З., подрачното училиште и кај последна 24-ка
- » Во М.З. Црниче се исчистија повеќе локации на улиците "Востаничка", "Пржино", "Кара Трифун", "Црниче", "Кавалска", "Рилски Конгрес", "Чедомир Кантарџиев", "Серска", "Христо Узунов", како и покрај амбулантата и стадионот во Пржино, зад М.З. и гаражите во близина
- » Во М.З. "Цветан Димов" се исчистија улиците "Емил Зола", "Димо Хаџи Димов", "Ѓорѓи Димитров", "Божидар Аџија", "Томе Томшиќ", "Есенинова", "Жил Верн"
- » Во Бирарија се исчистија локации кај црквата "Св. Петка", скривниците, како и улиците "Томе Арсовски", "Огњан Прица", "Боро Канчевски", "Фредерик Шопен"

- Пошумена месноста Три Круши со **6000** садници.
- **Ново хортикултурно уредување за повеќе локации:**
  - » Ул.Ѓорѓи Димитров бр.23 , **1150** м$^2$
  - » Ново зеленило околу зградите во новата нас.Расадник, **370** м$^2$



  - Влезот кон новата нас.Расадник на ул.Сава Ковачевиќ, **900** м²
  - Зелена површина позади зградата на ул.Петар Дељан бр.3, **650** м²
  - Парк на ул.Сава Ковачевиќ бр.68, **1940** м²
- Одредени се локации за изведување на џебови за контејнери по барање од градот Скопје.
- Поставени се нови **148** контејнери за собирање на комуналниот смет, во соработка со ЈКП "Комунална Хигиена".
- По повод манифестацијата "Културно лето Три Круши 2009", изведено е **средување и хортикултурно доуредување на Локалитетот Три Круши**.
- Од страна на одделението за животна средина преку времено ангажирање на работници и механизација во периодот од 19.06-17.07.2009 се пристапи кон **чистење и средување на Каналот за отпадни води во Подстаница, Драчево**.
- Перманентна замена и поставување на нова урбана опрема -**50** клупи, **65** корпи за отпадоци и детски реквизити( **5** лизгалки, **10** двојни лулашки, **6** клацкалки) на повеќе локации и тоа во:
  - Парк Комерцијална банка наспроти општината
  - Парк Птици
  - Парк кај Тинекс во Кисела Вода
  - Парк Детско царство во Кисела Вода
  - Детски забавен парк на ул.Димо Хаџи Димов во Кисела Вода
  - Парк пред МЗ Кисела Вода на ул.Сава Ковачевиќ
  - Парк Фурна Фарина во Кисела Вода, ул.Димо Хаџи Димов
  - Ново детско игралиште на ул.Огњан Прица
  - Парковите во нас.Драчево



## ВО СЕЛОТО ДРАЧЕВО

### Изведена акција за чистење на Мала Рада

Општина Кисела Вода во соработка со ,,Водостопанство Скопско Поле", изведе акција за чистење на коритото на Мала Рада во селото Драчево. Во оваа акција учествуваа работници од општината и од "Водостопанство Скопско Поле" од каде што беше и механизацијата (булдожер и неколку камиони).

Во текот на еден месец, колку што траеше акцијата, се чистеше коритото на Мала Рада, но и делот околу него со вкупна должина од **2** км. Вкупната количина на смет што беше изнесена од коритото изнесуваше **1100** м$^3$.

Оваа акција наиде на одобрување кај месното население, кое ја поздрави иницијативата на градоначалникот Марјан Ѓорчев, укажувајќи дека ваква акција за чистење на коритото на Мала Рада не била направена во последните **15** години.

Доколку сакаме да имаме чиста околина треба повеќе да работиме на сочувување, а не на расчистување.



- Исчистен каналот за атмосферски води во Драчево во должина од 1.7 км при што беа извадени вкупно **122** камиони со смет и шут.

- Во соработка со ЈКП "Комунална Хигиена", во периодот Септември – Октомври се спроведе акција за **есенско чистење на стариот мебел и нефункционалните апарати за домаќинство**.
- Во соработка со КРКА – ФАРМА ДООЕЛ Скопје се засадија **54** садници во дворот на поликлиниката Драчево.
- Хортикултурно обликување и изградба на нов **парк "Срце"**, пред дел од станбените згради на ул. "Сава Ковачевиќ".
- Успешно спроведување на акцијата "Заедно за природата", каде во соработка со Цементарница Усје-Титан се засадија вкупно **1200** садници во должина од **800** метри во реонот на фабриката кон М.З. "Припор".
- На барање на Општина Кисела Вода, Цементарница Усје – Титан постави **мерни инструменти за постојано автоматско следење на испуштањата на прашина и гасови(NOx,SO2 и др.)**
- Реализирана првата фаза од **Проектот за енергетска ефикасност** во општината.





## "Ден на дрвото – засади ја својата иднина"

Под слоганот "Растеме заедно" се одржа петтата по ред акција **"Ден на дрвото – засади ја својата иднина"**, која од оваа година имаше и регионален карактер. Локалитетот "Три Круши" во с. Драчево оваа година влезе во мапата на одбележување на овој голем, традиционален еколошки настан. Во акцијата се вклучија претставници на централната и локалната власт, пратеници, припадници на АРМ, ученици, уметници. На "Три Круши" можеа да се забележат Љупчо Бубо Каров, Каролина Гочева, Ирена Спировска, а својата иднина заедно со градоначалникот Марјан Ѓорчев ја засадија и Премиерот Никола Груевски и вицепремиерот Зоран Ставрески.







## Реализирани проекти на Секторот за месна самоуправа, за односи со институциите на централната власт и со општествени организации:

## СВЕЧЕНО ПУШТЕНА УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „ЦВЕТАН ДИМОВ„

### Истурена канцеларија на Општината

На почетокот на октомври минатата година свечено беше пуштена во употреба новата (комплетно реновирана) Урбана Заедница "Цветан Димов" во Општина Кисела Вода.

Станува збор за објект кој долго време беше даден на употреба на други тела кои ја обавуваа својата дејност на таа локација, но општината реши и успеа овој објект, кој во перцепцијата на жителите на населбата Цветан Димов, претставуваше истурена канцеларија на општината во оваа населба, да го врати во функција, во сосема ново руво. Урбаната Заедница "Цветан Димов" се опреми со технички и со кадров потенцијал кој ќе биде постојано на располагање на жителите на општината од

тој реон, а граѓаните ќе можат да пополнуваат најразлични барања за асфалтирање или реконструкција на улици и патишта, за подобро осветлување, барања за најразлични еколошки проекти, за фекална и атмосферска канализација и други проблеми од комунален карактер.



По повод свеченото пуштање во употреба на старо-новата урбана заедница, на платото пред објектот, Општина Кисела Вода се постави нова биста на народниот херој Цветан Димов, која во изминатиот период беше уништена од несовесни граѓани.

На оваа манифестација, покрај останатите, присуствуваа градоначалникот на Општина Кисела Вода, Марјан Ѓорчев, претседателот на Советот на Општина Кисела Вода, Звонко Спасовски, како и двајцата пратеници во Собранието на Р.М., кои живеат на територијата на општината.




## Нов и модерен кров за месната заедница "Подстаница"

Објектот на месната заедница **"Подстаница"** новата година ја започна со нова кровна конструкција. Стариот и дотраен кров се замени со нов и модерен изработен од реброван пластифициран лим со вкупна површина од **350** метри квадратни. Поставени се и нови хоризонтални и вертикални олуци како и снегобрани со површина од **173** метри квадратни. Градежно занаетчиски работи се извршија и во внатрешноста на објектот при што се изработи нов плафон од гипс картон со површина од **18** метри квадратни, а и се изврши варосување на внатрешните ѕидови со поликолор.



- Се изгради **потпорен ѕид за М.З. "Припор"** во должина **28** метра и висина **3** метра.
- Одржани неколку трибини со НВО, на тема: **"За нашата општина – Локалните Авторитети и Невладиниот Сектор заедно".**



## Реализирани проекти на Секторот за локален економски развој:

- Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу општина Кисела Вода и Фондацијата Институт Отворено Општество за реализација на проект " **Кој и Како до европските фондови за земјоделство".** Истовремено се оддржани неколку работилници на тема: "Земјоделство и рурален развој".





- Добиен е проект од Програмата на грантови за меѓуопштинска соработка 2009 година, распишана од страна на ОБСЕ. Општина Кисела Вода е носечка општина на проектот **"Меѓуопштински информативен центар за поддршка и развој на руралниот развој на мали и средни претпријатија".** Апликацијата беше подготвена во соработка со општина Аеродром, општина Сопиште, општина Зелениково, и општина Студеничани. ОБСЕ обезбеди целосно опремување на канцеларијата со мебел и информатичка техника, но исто така беше финансирано печатењето на флаери за **"ИПА инструментот-бидете конкурентни"** ,**"Како до поддршка во земјоделството и рурален развој"** и брошура **"Економски потенцијал за развој на општините"** на македонски јазик и албански јазик. Меѓуопштинскиот информативен центар веќе функционира во барака 2 во просториите на Општина Кисела Вода, секој работен ден од 08:30- 16:30 часот.



- Изготвена е **Стратегијата за локален економски развој** на Општина Кисела Вода каде се дефинирани правците за развој на општината во перид од **2009** до **2013** година.
- Изработено е **ГИС-апликативно решение** со кое се дигитализираат просторните податоци во општината и со тоа значително ќе се подобри квалитетот и прегледноста на овие податоци, а исто така и времето на подготвување на документите на граѓаните ќе биде значително побрзо.Исто така овие податоци ќе им бидат достапни на сите граѓани преку интернет страницата на Општината. Извршена е обука за вработените од општината за користење на ГИС апликацијата.
- Општина Кисела Вода во периодот од 25-26 Ноември 2009 година се претстави на петтиот по ред Саем на општини **"ЗЕЛС ЕКСПО 2009"** организиран од страна на Заедницата на Единиците на Локалната Самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС. Носечка тема на саемот беше "Фискалната децентрализација и улогата и можностите за општините во Република Македонија".









## Висока делегација на УСАИД во посета на Општина Кисела Вода

## ПРОЕКТ ЗА РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА

Администраторот на УСАИД за Европа и Евроазија, г-ѓа Роберта Махони со висока делегација од Американската Агенција за Меѓународен Развој (УСАИД) – Македонија, оствари официјална посета на општината Кисела Вода. Причината за посетата беше добиениот проект од страна на општината и ОУ“Кирил Пејчиновиќ”, за реконструкција, односно замена на старите и дотраени прозорци со нови алуминиумски прозорци, преку ПЕП- програмата (Проект за Основно Образование).

Она што ја прави оваа посета значајна е фактот што токму училиштето “Кирил Пејчиновиќ” е земено како репер со кој високиот претставник на УСАИД за Европа и Евроазија во Вашингтон, ќе ја претстави потребата за продолжување на американската помош за развој на сферата на образованието во овој регион. Г-ѓата Махони беше срдечно пречекана од страна на градоначалникот на општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев и од директорката на училиштето, г-ѓата Ленче Манева, кои ги запознаа високите претставници на УСАИД со состојбите во образованието и во локалната самоуправа и кои порачаа дека искрено се надеваат дека соработката на локално ниво со УСАИД ќе продолжи и во иднина.




Реконструкцијата на училиштето стартуваше на почетокот на годинава, а за нејзината реализација се издвоени околу **2,750,000** денари од ПЕП-програмата од УСАИД и од буџетот на локалната самоуправа.

- Во соработка со координаторите на 17-те општини членки на Центарот за развој скопски плански регион изработена е Програма за рзвој на Скопски плански регион. Врз основа на програмата е изработен Акционен план за спроведување на стратегијата за регионален развој на РМ. Идентификувани се 67 најважни предлог идеи (проекти) од различни области на ниво на регионот. Од нив е утврдена годишната приоритетна листа на проекти во која влегоа 10 проекти на регионот. Истите беа аплицирани до Бирото за регионален развој на РМ. Општина Кисела Вода учествуваше со проектот **“Изработка на техничка документација за изведба на нов паралелен водовод на веќе постоечкиот азбестен од Цементара Усје до Драчево”**.

- На иницијатива на градоначалникот на Општина Кисела Вода, Марјан Ѓорчев на почетокот на јули се формираше **Совет на стопанственици**. Во Советот членуваат **58** економски гиганти кои гравитираат на подрачјето на општината. Меѓу нив се “Бујото”, “Усје”, “Охис”, “Мако Маркет”, “Еуромилк”, “Леснина МИ”, “Бато и Дивајн”... Целта на формирањето на Советот беше со заедничка координација меѓу општината и бизнис групацијата да се изнаоѓаат решенија за тековните проблеми, но, истовремено да се создаваат подобри услови за привлекување на нови инвеститори во економската зона во Кисела Вода. Овој Совет има задача и да работи на стратегија за искористување на европските фондови, која треба да овозможи полесно и подобро аплицирање до нив. За претседател на Советот е назначен г-дин Ѓорѓи Илијевски, претставник на КОРНИ. Формиран е и управен одбор на Советот.
- Општина Кисела Вода во соработка со Општините Сопиште и Студеничани подготвија апликација за **,,Изготвување на техничка документација за Локален пат с.Сопиште - с. Усје**. Воспоставувањето на патната врска на Општина Кисела Вода и Општина Сопиште ќе придонесе за директно-локално поврзување на општините Кисела Вода и Сопиште и индиректно-регионално поврзување на општината Студеничани со Скопје. Оваа патна врска ќе овозможи полесен и побрз пристап на населението кое живее во овие општини до сите јавни институции од образовен, здравствен и друг јавен интерес како и пристап на економските субјекти лоцирани на територија на општините.

Со добиените финансиски средства за истата во висина од 8**00.000**, - МКД во тек е изработка на техничка документација.

## Реализирани проекти од Секторот за образование, култура, спорт и млади:




- Во соработка со Владата на Република Македонија и Руската Федерација успешно е реализиран Проектот **“Спомен парк на Александар Сергеевич Пушкин”** на улица “Пушкинова” во Општина Кисела Вода. Паркот беше хортикултурно и партерно уреден со повеќе значајни културни содржини и свечено пуштен во употреба на **08.06.2009** година.
- Поставена **плакета во чест на Фредерик Шопен** на улицата која го носи неговото име во Општина Кисела Вода.




- Одржана е по осми пат **“Забавната фудбалска школа”**, оваа година заедно со Општина Крива Паланка, на која повеќе од **200** деца од двете општини се запознаваа со тајните на фудбалот под стручен надзор на професионалните тренери.

## Голем хуманитарен новогодишен хепенинг




Во паркот **“Пушкин”**, на 25.12. 2009 година беше организиран **Хуманитарен Новогодишен Хепенинг**, кој за прв пат оваа година се одржа во Општина Кисела Вода. Целодневната забава која траеше вкупно шест часа изобилуваше со многу активности и изненадувања за посетителите. Започна точно во 11:00 часот со Хуманитарен Новогодишен базар, на кој сите осум основни училишта, двете детски градинки и **ПОУ “Златен Сремец”** имаа свои штандови, на кои се продаваа новогодишни украси, честитки и икебани подготвени од страна на децата од овие воспитно-образовни институции. Забавата ја збогатија и точките на децата од училиштата и градинките, **КУД “Јордан Мијалков”**, како и големите музички ѕвезди **Ристо Самарџиев, Ирена Крстевска, Влатко Илиевски, Врчак, ДНК, Влатко Лозаноски, Димитар Андоновски, Оливера Ѓоргоска и Дарко Илиевски**.






- Реализиран е проектот **реновирање на детско игралиште** при објектот "Пржино" од ЈДГ 8-ми Март, со донација на семејствата Бутемер и Ричардс, инаку родители на деца од овој објект.
- Успешно извршена реконструкција на објектот на **О.У. "Св. Климент Охридски"**, при што се поставија вкупно **56** нови прозорци во **16** училници и **2** нови влезни врати.
- По повод акцијата за пошумување **"Ден на дрвото – засади ја својата иднина"**, Општина Кисела Вода во соработка со Цементарница "Усје" обезбеди садници за основните училишта. Акцијата ги опфати сите основни училишта во општината, а централната манифестација се одржа во **О.У. "Кузман Јосифовски-Питу"**;
- Секторот за образование на Општина Кисела Вода обезбеди **Прирачник за настава и учење на 21-от век** за наставниот и воспитниот кадар во сите осум основни училишта, донација од УСАИД;
- Се пуштија во употреба двете спортски сали за **О.У. "Невена Георгиева-Дуња"** и за **О.У. "Круме Кепески"**, како дел од проектот на Владата на Р.М. за изградба на **35** спортски сали.






# ТРАДИЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА

## Културно лето "Три Круши" 2009

Општина Кисела Вода традиционално, по четврти пат беше организатор на манифестацијата **Културно Лето Три Круши 2009**, кое се оддржува на амфитеатарот на Верско рекреативниот центар – Три Круши, Драчево во периодот од **26.06 – 15.08 2009** година. Во тој период, секој петок и сабота на сцената на амфитеатарот на Верско рекреативниот центар Три Круши, граѓаните на општина Кисела Вода и градот Скопје, можеа да уживаат во добро организираните културни манифестации. Во тримесечната програма, организаторите се потрудија да бидат опфатени и задоволени сите вкусови на граѓаните, почнувајќи со фолклор, театар, диско музика и dj-ски сетови, забавна и народна песна, па се до хумор и многу други изненадувања за посетителите.

Покровители на манифестацијата се градоначалникот Марјан Ѓорчев и Советот на општината Кисела Вода.









- По повод **Велигденските празници** во основните училишта во Општина Кисела Вода, Секторот за образование организираше **хуманитарен продажен хепенинг**. Средствата беа наменети за хуманитарни цели.

- Во соработка со Агенцијата за млади и спорт на Р. Македонија и Коалицијата на младински организации “СЕГА”, Општина Кисела Вода е во фаза на имплементација е проектот **,,Креирање на локални младински стратегии”.**

- **О.У. Круме Кепески**
  - » Реновирани санитарни чворови во целодневна настава и наставничките санитарии во централното и подрачното училиште во Припор;
  - » Замена на старите прозорци со алуминиумски во три училници во целодневна настава во централното училиште;
  - » Поставени се две алуминиумски влезни врати во подрачното училиште во Припор;
  - » Варосани се ходниците и бојадисани вратите на училниците во подрачното училиште во Припор;
  - » Реновирани се подовите во три училници во централното училиште;
  - » Реновирана е наставничката канцеларија во централното училиште;
  - » Реновирана е мини кујната во централното училиште ;
  - » Поставен е бекатон во дел од училишниот двор во централното училиште;
  - » Обновен е училишниот мебел (шкафчиња) во дел од училниците;
  - » Набавени се нагледни средства и училишни помагала;
  - » Поставени се сообраќајни знаци и обележја пред централното и подрачното училиште.



- **О.У. Кузман Шапкарев**
  - » Поставена е нова ограда на училишниот двор
  - » Заменети се вратите од сите училници
  - » Поставена е нова влезна врата
  - » Варосани се сите ѕидови
  - » Поставен е алармен ситем во сите училници



- **О.У. “Кузман Јосифовски – Питу”**
  - » Санација на водовoводната инсталација во санитарните јазли;
  - » Поставување на врати во санитарните јазли;
  - » Поставување на ролетни венецијанер во пет училници и пет канцеларии;

» Поставена нова влезна врата на училишниот двор;
» Замена на вентилите на грејните тела во централно училиште.

- **О.У. "Кирил Пејчиновиќ"**
  » Замена на прозорци во соработка со USAID;
  » Реновирање на две училници ( ламинат, кречење со мрсна боја);
  » Кречење со специјална боја на дел од ходниците;
  » Комплетна санација и реконструкција на четири санитарни јазли.



- **О.У. "Св. Климент Охридски"**
  » Замена на старите прозорци со алуминиумски;
  » Замена на надворешни врати;
  » Санирана е фасада на училиштето од предна страна;
  » Замена на под на една училница;
  » Реконструкција на дел од тоалетите во училишната зграда;
  » Санација на котлите за парно греење;
  » Варосување на училниците.



- **О.У. “Невена Георгиева – Дуња”**
  - Реновирање на училишната библиотека;
  - Поставување на нови метални капии на двата влеза во училишниот двор;
  - Реновирање на четири санитарни јазли;
  - Реновирање на наставничките санитарни јазли;
  - Поставување на нова и ограда(на местата каде не постоела) и санација на веќе постоечката;
  - Бекатонско средување на приодните патеки кон новата спортска сала.

- **О.У. “Рајко Жинзифов”**
  - Санација на дел од водоводна мрежа
  - Комплетна реконструкција на санитарен чвор
  - Замена на дотрајаната браварија и столарија во училиштето
  - Обнова на дел од електрична инсталација
  - Реновирање на училишната кујна
  - Примена на HACCP систем
  - Молерисување на централното училиште
  - Молерисување на подрачното училиште
  - Поправка на нагледни средства
  - Обезбеден е видео надзор со средства од родителите и Општина Кисела Вода
  - Санација на системот за парно греење
  - Санација на подни површини
  - Реконструкција на олуците

- **О. У. “Партенија Зографски”**
  - Комплетна замена на кровната конструкција на училиштето

- **ЈДГ “8-ми Март”**
  - Реконструкција на целиот кров - објект Пеперутка 2, населба Драчево;
  - Промена на влезните врати - објект Пеперутка 2, населба Драчево;
  - Поплочување на влезовите - објект Пеперутка 2, населба Драчево;
  - Реконструција на централната кујна - објект Расадник;
  - Имплементација на HACCP стандарди - објект Расадник;
  - Реновирање на две занимални - објект Расадник;
  - Промена на прозорци - објект Расадник;
  - Ламинатен под - објект Расадник;

- Санација на две детски тоалети - објект Расадник;
- Санација на три тоалети за вработените - објект Расадник;
- Изградено ново детско игралиште во дворот - објект Расадник;
- Целосна промена на осветлувањето во просториите - објект Расадник;
- Делумна санација на покривот - објект Расадник;
- Делумна санација на покривот – објект Пржино;
- Промена на влезни врати - објект Пржино;
- Поплочување на непоплочени патеки со бекатон - објект Пржино.

- **ЈДГ "Весели Цветови"**
  - Промена на застарената браварија и столарија - објект Кокиче и Мимоза;
  - Реконструкција на **120** м$^2$ кров - објект Сончоглед;
  - Комплетно реновирање на **2** санитарни чвора - објект Мимоза;






## ЗА ПРВ ПАТ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

### Богојавление – Водици во Кисела Вода



По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, Општина Кисела Вода, годинава по првпат организираше фрлање на Чесниот Крст. 18-годишниот Дејан Јованов беше најсреќниот меѓу **27**-те учесници кои се фрлаа во водите на базенот Империјал (Расадник) за фаќање на крстот, за кој се верува дека ќе му донесе среќа и бериќет во текот на целата година. Водата во базенот Империјал, за момент стана симбол на реката Јордан, во која, спред преданието е крстен Исус Христос, по што е воспоставен празникот со кој симболично се одбележува чинот на крштевањето и влегувањето во христијанската вера. Со песната “Војордание” исполнета од страна на хорот “Св. Злата Мегленска” започна големиот црковно-народен спектакл на водичарското осветување на водите во Кисела Вода, на кој присуствуваа повеќе од **1000** верници.

Големиот водосвет го извршија свештеници од црквата “Св. Петка”, кои посакаа овој настан да стане традиција во Општина Кисела Вода, за што симболично пуштија неколку гулаби кон небото. Младиот Дејан Јованов беше првиот, кој и без оглед на студеното време и студената вода во базенот, стигна до Чесниот Крст, за чиј подвиг беше награден со ЛЦД телевизор, кој му го врачи градоначалникот на Општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев.



## УЧИЛИШЕН СПОРТ

### Во здраво тело- здрав дух



Општина Кисела Вода и во сезоната 2009/2010 година го организираше Училишниот спорт. Од осум училишта селектирани се вкупно над **400** деца поделени во колективни и индивидуални спортови. Се игра по Бергеров систем (секој со секого). Интересно е дека сите деца пред отпочнувањето на натпреварите во училишниот спорт, во организација на Општината имаат завршено навремено лекарски прегледи.

Инаку, целта на училишниот спорт во Општина Кисела Вода е откривање, развој, усовршување и надградување на спортскиот талент на учениците, во функција на развој на здрав дух во здраво тело, во функција на развој на демократска личност подготвена да се натпреварува и да постигнува добри резултати во своето подоцнежно ангажирање во работниот и животниот процес. Спортскиот талент на учениците се развива низ стручен тренажен процес, а степенот на обученост и усовршеност се проверува низ систем на натпревари.



## Проекти кои се во тек на реализација:

- Во тек е реализација на проектот за реконструкција на дел од локалниот пат **"Драчевска",** на потегот од бензинската пумпа " Мак Петрол" до потегот Мала Рада во Драчево при што се градат тротари од двете страни на улицата. Проектот е добиен и е дел од поширокиот проект за реконструкција и рехабилитација на локални патишта во Република Македонија како дел од поширокатa програма за поддршка финансирана од Меѓународната банка за обнова и развој – **"Програма за поддршка на проекти за регионални и локални патишта"** во Република Македонија.



- Во тек е реализација на проектот за изградба на атмосферска канализација и изградба на локалниот пат **"Китка"** – с. Драчево.
- Во тек е реализација на проектот за изградба на локален пат **Р- 302 "Теферич"**, со кој ќе се поврзат Општина Кисела Вода со Општина Сопиште.



- Во тек е пролетна акција за санирање на ударните дупки на целата територија на општината.
- Во тек е изградба на паркинг простор за локалитетот **“Три Круши”** со површина од **1000** метри квадратни.

**Секој Четврток градоначалникот има отворен ден за работни средби со граѓаните во општината!!!**




58
04
56







ОПШТИНА
**КИСЕЛА ВОДА**

ул. Првомајска 6б, 1000 Скопје
Тел.++38922785400
Факс:++38922770210
contact@kiselavoda.gov.mk